Влада на Република Северна Македонија

# З А П И С Н И К
## од Сто седумдесет и третата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 28 декември 2019 година

Скопје, декември 2019 година

З А П И С Н И К
од Сто седумдесет и третата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 28 декември 2019 година

Седницата започна во 9:35 часот.

На седницата претседаваше претседателот на Владата на Република Северна Македонија, Зоран Заев.

На седницата присуствуваа заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за одбрана, м-р Радмила Шекеринска-Јанковска, заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за внатрешни работи, Оливер Спасовски, заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за европски прашања, д-р Бујар Османи, заменикот на претседателот

на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за економски прашања и за координација со економските ресори, д-р Кочо Анѓушев, членовите на Владата на Република Северна Македонија д-р Рената Дескоска, министер за правда, м-р Никола Димитров, министер за надворешни работи, д-р Нина Ангеловска, министер за финансии, м-р Крешник Бектеши, министер за економија, Трајан Димковски, министер за земјоделство, шумарство и водостопанство, д-р Венко Филипче, министер за здравство, д-р Арбер Адеми, министер за образование и наука, Мила Царовска, министер за труд и социјална политика, Горан Милевски, министер за локална самоуправа, Хусни Исмаили, министер за култура, м-р Горан Сугарески, министер за транспорт и врски, Насер Нуредини, министер за животна средина и просторно планирање, Роберт Поповски, министер без ресор, задолжен за комуникации, отчетност и транспарентност, Едмонд Адеми, министер без ресор, задолжен за дијаспора, Елвин Хасан, министер без ресор, задолжен за странски инвестиции, Музафер Бајрам, министер без ресор, задолжен за имплементација на Националната стратегија за подобрување на состојбата на Ромите во Република Северна Македонија, д-р Бардуљ Даути, министер без ресор, задолжен за странски инвестиции, Зорица Апостолска министер без ресор, задолжен за странски инвестиции и Хисен Џемаили, министер без ресор, задолжен за регулатива за подобрување на инвестициската клима за домашните претпријатија, како и генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија, д-р Драги Рашковски и заменикот на генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија, Тахир Хани.

На седницата присуствуваше и Лила Пејчиновска-Миладиновска, секретар на Секретаријатот за законодавство.

Покрај членовите на Владата на Република Северна Македонија на седницата присуствуваше и Александар Бајдевски, заменик на министерот за информатичко општество и администрација.

На седницата присуствуваа и Пеце Мирчески, директор на Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија и Муамет Хоџа, портпарол на Владата на Република Северна Македонија.

Од седницата отсуствуваше заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за политички систем и односи меѓу заедниците, Садула Дураки и членот на Владата на Република Северна Македонија Дамјан Манчевски, министер за информатичко општество и администрација.

*
*     *

Врз основа на Предлогот на дневниот ред и предлозите што беа поднесени на седницата, Владата го утврди следниов

**ДНЕВЕН РЕД**

- Усвојување на Записникот од 165-та седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 12 ноември 2019 година, во Тетово

1. Програма за работа за 2020 година на ЈП за водоснабдување „Студенчица“ Кичево, Финансиски план за 2020 година и Инвестициона програма за 2020 година, со Предлог-одлука

2. Годишна инвестициона програма, Финансиски план и Програма за работа за 2020 година на ЈП „Стрежево“ Битола, со Предлог-одлука

3. Инвестициона програма на ЈП Службен весник на Република Северна Македонија за 2020 година и Програма за работа за 2020 година на ЈП Службен весник на Република Македонија, со Предлог-одлука

4. Годишна инвестициона програма на Јавно претпријатие за извршување на водостопански дејности Хидросистем „Злетовица“ - Пробиштип за 2020

година, Финансиски план и Програма за работа за 2020 година на Јавно претпријатие за извршување на водостопански дејности Хидросистем „Злетовица“ – Пробиштип

5. Годишна програма и Финансиски план на Јавното претпријатие за стопанисување со пасишта за 2020 година
6. Годишна инвестициона програма на ЈП за стопанисување со пасишта за 2020 година, со Предлог-одлука

7. Годишна програма за работа, Финансиски план за 2020 година и План за капитални инвестиции за 2020 година на ЈП Македонска радиодифузија-Скопје, со Предлог-одлука

8. Годишна програма за изградба, реконструкција, рехабилитација, одржување и заштита на државните патишта за 2020 година на Јавното претпријатие за државни патишта, со Предлог-одлука

9. Програма за работа за 2020 година и Финансиски план за 2020 година на Јавно претпријатие за берзанско работење Агро - Берза - Скопје, со Предлог-одлука

10. Годишна инвестициона програма за 2020 година на ЈПВ „Лисиче“ -Велес, Финансиски план и Програма за работа за 2020 година на ЈПВ „Лисиче“ – Велес

11. Годишна инвестициона програма на Јавно претпријатие за стопанисување со државните шуми „Национални шуми“– п.о. – Скопје за 2020 година

12. Програма за работа на ЈП „Национални шуми“ за 2020 година

13. Годишна инвестициона програма на Јавното претпријатие за управување и заштита на повеќенаменското подрачје „Јасен” - Скопје за 2020 година, Финансиски план и Програма за работа и развој за 2020 година на Јавното претпријатие за управување и заштита на повеќенаменското подрачје „Јасен“ – Скопје, со Предлог-одлука

14. Програма за давање на услуги на воздухопловната навигација, Годишен финансиски план на М-НАВ АД Скопје за 2020 година и Инвестициона програма на М-НАВ АД Скопје за 2020 година, со предлог-одлуки

15. Бизнис план за 2020 година, Инвестициона програма за 2020, 2021 и 2022 година, Финансиска програма за 2020 и Тригодишен план за период од 2020-2022 година на Железници на Република Северна Македонија Транспорт АД – Скопје, со предлог-одлуки

16. Финансиски план на Акционерското друштво Водостопанство на Република Северна Македонија, во државна сопственост, Скопје за 2020 година

17. Годишна програма за работа на Акционерското друштво Водостопанство на Република Северна Македонија, во државна сопственост, Скопје за 2020 година
18. Информација за Финансиски план (Програма за работа) на Друштвото за изградба, управување и издавање на повеќенаменска сала Борис Трајковски ДООЕЛ Скопје за 2020 година со Финансиски план (Програма за работа) на Друштвото за изградба, управување и издавање на повеќенаменска сала Борис Трајковски ДООЕЛ СКОПЈЕ за 2020 година и Инвестициона програма за 2020 година

19. Годишна програма за работа на Националниот центар за одговор на компјутерски инциденти за 2020 година

20. Годишна програма за работење на Агенцијата за планирање на просторот во 2020 година, со Предлог-одлука

21. Годишен финансиски план на Агенцијата за планирање на просторот во 2020 година, со Предлог-одлука

22. Предлог-програма за промоција и поддршка на туризмот за 2020 година и Програма за работа на Агенцијата за промоција и поддршка на туризмот за 2020 година со Финансиски план за 2020 година

23. Програма за работа и Финансиски план на Агенцијата за странски инвестиции и промоција на извозот на Република Северна Македонија за 2020 година, со Предлог-одлука

24. Програма за работа на Агенција за енергетика на Република Северна Македонија за 2020 година, со предлог-одлуки

25. Годишен план за работа на Агенција за храна и ветеринарство за 2020 година, со Предлог-одлука

26. Предлог-програма за користење на средствата за ветеринарно јавно здравство во 2020 година

27. Предлог-програма за мониторинг на безбедноста на храната во Република Северна Македонија за 2020 година

28. Предлог-програма за користење на средства за здравствена заштита на животните во 2020 година

29. Предлог-одлука за изменување на Одлуката за висината на надоместоци за спроведување на активности од јавен интерес од областа на здравствена заштита на животните

30. Предлог-програма за изградба и реконструкција на спортски објекти за 2020 година

31. Предлог-програма за распределба на средства од игри на среќа и забавните игри за 2020 година за финансирање на националните спортски федерации и проекти на Агенцијата за млади и спорт за унапредување на спортот во Република Северна Македонија

32. Предлог-програма за развој на спорт и млади за 2020 година

33. Годишен план за работа за 2020 година и Финансиски план за 2020 година на Агенцијата за поттикнување на развојот на земјоделството, со Предлог-одлука

34. Предлог-програма за основни геолошки истражувања за 2020 година

35. Годишна програма за работа на Советот за унапредување и надзор на ревизијата на Република Северна Македонија за 2020 година, со Предлог-одлука

36. Финансиски план на Советот за унапредување и надзор на ревизијата на Република Северна Македонија за 2020 година, со Предлог-одлука

37. Годишна програма за работа на Управата за финансиско разузнавање за 2020 година и Финансиски план на Управата за финансиско разузнавање за 2020 година

38. Годишна програма со Финансиски план на Дирекцијата за задолжителни резерви на нафта и нафтени деривати за 2020 година

39. Годишна програма и финансиски план за 2020 година за Дирекција за технолошки индустриски развојни зони

40. Програма за работа на Институтот за акредитација на Република Северна Македонија за 2020 година

41. Финансиски план на Фондот за осигурување на депозити за 2020 година, со Предлог-одлука и Програма за работа на Фондот за осигурување на депозити за 2020 година

42. Информација во врска со Финансиски план на Акционерското друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката - Скопје од 1.1.2020 година до 31.12.2020 година донесен од Одборот на директори на Акционерското друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката-Скопје бр. 02-12455/4-2 од 11.12.2019 година

43. Предлог-програма за поддршка на претприемништвото, конкурентноста и иновативноста на малите и средните претпријатија во 2020 година

44. Предлог за поведување на постапка за водење на преговори за склучување на Договор помеѓу Советот на министри на Република Албанија и Владата на Република Северна Македонија за воспоставување на заеднички гранични премини меѓу Република Албанија и Република Северна Македонија и вршење на заедничка гранична контрола, со Нацрт-текст на Договор

45. Информација за Годишна програма за работа и Годишен финансиски план за 2020 година на Фондот за иновации и технолошки развој, со предлог-одлуки

46. Информација со Енергетски биланс на Република Северна Македонија за 2020 година, со Предлог-одлука

47. Предлог-програма за конкурентност, иновации и претприемништво за 2020 година

48. Предлог-програма за развој на туризмот на Република Северна Македонија за 2020 година

49. Предлог-програма за субвенционирање на дел од трошоците за вградување на уред за погон на ТНГ, метан или друг вид на алтернативно гориво во возилата

50. Предлог-уредба за поблиските критериуми за директни плаќања, корисниците на средствата, максималните износи и начинот на директните плаќања за 2020 година

51. Предлог-програма за развој и унапредување на ловството и за одгледување и заштита на дивечот под заштита во репроцентрите за 2020 година

52. Предлог-програма за работи од областа на хидрометеоролошката дејност во 2020 година

53. Предлог-програма за спроведување на мониторинг во областа на производството, преработката, складирањето, дистрибуцијата, употребата и сообразноста на ѓубрињата, биостимулаторите и подобрувачите на својствата на почвата, како и контрола на квалитетот на ѓубрињата, биостимулаторите и подобрувачите на својствата на почвата за 2020 година

54. Предлог-програма за спроведување на мониторинг во областа на производството, преработката, складирањето, дистрибуцијата, употребата и сообразноста на производите за заштита на растенијата и резидуи од производи за заштита на растенијата во производи од примарно земјоделско производство за 2020 година

55. Предлог-програма за фитосанитарна политика во 2020 година

56. Предлог-програма за финансиска поддршка во рибарството и аквакултурата за 2020 година

57. Предлог-програма за финансиска поддршка во земјоделството за 2020 година

58. Предлог-програма за финансиска поддршка на руралниот развој за 2020 година

59. Предлог-програма за проширена репродукција на шумите за 2020 година

60. Предлог-програма за семе и саден материјал во 2020 година

61. Предлог-програма за инвестиции во животна средина за 2020 година

62. Предлог-програма за инвестирање во животната средина за 2020 година

63. Предлог-годишна програма за финансирање на изработка на просторен план на Република Северна Македонија за 2020 година

64. Предлог-програма за унапредување на животната средина за 2020 година

65. Предлог-програма за заштита на природата за 2020 година

66. Предлог-програма за рамномерен регионален развој за 2020 година

67. Предлог-програма за финансирање на проекти од областа на дијаспората за 2020 година

68. Предлог-програма за задолжително здравствено осигурување на државјаните на Република Северна Македонија кои не се задолжително здравствено осигурени за 2020 година

69. Предлог-програма за партиципација при користењето на здравствена заштита на одделни заболувања на граѓаните и здравствена заштита на родилките и доенчињата во Република Северна Македонија за 2020 година

70. Предлог-програма за здравствена заштита на лица со болести на зависности во Република Северна Македонија за 2020 година

71. Предлог-програма за лекување на ретки болести во Република Северна Македонија за 2020 година

72. Предлог-програма за обезбедување на трошоците за болни кои се третираат со дијализа и активности за пациентите со хемофилија во Република Северна Македонија за 2020 година

73. Предлог-програма за организирање и унапредување на крводарителството во Република Северна Македонија за 2020 година

74. Предлог-програма за здравствена заштита на лица со душевни растројства во Република Северна Македонија за 2020 година

75. Предлог-програма за заштита на населението од ХИВ инфекција во Република Северна Македонија за 2020 година

76. Предлог-програма за превенција на кардиоваскуларни болести (КВБ) во Република Северна Македонија за 2020 година

77. Предлог-програма за едукација на лекари и медицински персонал, за кофинансирање на специјализација, односно супспецијализација на здравствените работници и здравствените соработници вработени во

приватни здравствени установи, други правни лица и невработени, како и за спроведување на обуки за вршење на преглед за умрени лица за 2020 година

78. Предлог-програма за обезбедување средства за болничко лекување без наплата на учество (партиципација) за пензионери и за обезбедување на средства за специјалистичко-консултативни и болнички здравствени услуги за корисниците на правото на социјална парична помош како и на членовите на нивните домаќинства во Република Северна Македонија за 2020 година

79. Предлог-програма за обезбедување инсулин, глукагон, инсулински игли, ленти за мерење шеќер и едукација за третман и контрола на дијабетесот за 2020 година

80. Предлог-програма за активна здравствена заштита на мајките и децата во Република Северна Македонија за 2020 година

81. Предлог-програма за испитување на појавата, спречување и сузбивање на бруцелозата кај населението во Република Северна Македонија за 2020 година

82. Предлог-програма за превентивни мерки за спречување на туберкулозата кај населението во Република Северна Македонија за 2020 година

83. Предлог-програма „Здравје за сите“ за 2020 година

84. Предлог-програма за систематски прегледи на учениците и студентите во Република Северна Македонија за 2020 година

85. Предлог-програма за рана детекција на малигни заболувања во Република Северна Македонија за 2020 година

86. Предлог-програма за задолжителна имунизација на населението во Република Северна Македонија за 2020 година

87. Предлог-програма за трансплантација во Република Северна Македонија за 2020 година

88. Предлог-национална годишна програма за јавно здравје во Република Северна Македонија за 2020 година

89. Предлог-програма за развој на дејноста за заштитата на децата за 2020 година

90. Предлог-програма за изградба, опремување и одржување на објекти за детска заштита за 2020 година

91. Предлог-програма за изградба, опремување и одржување на објекти за социјална заштита и домови за стари лица за 2020 година

92. Предлог-програма за остварување на социјалната заштита за 2020 година

93. Програма за финансирање на програмските активности на националните инвалидски организации, нивните здруженија и нивната асоцијација, на здруженија за борба против семејното насилство и на Црвениот крст на Република Северна Македонија од приходите од игри на среќа и од забавни игри во 2020 година, со Предлог-одлука

94. Предлог-програма за остварување и развој на дејноста во ученички стандард за 2020 година

95. Предлог-програма за остварување и развој на дејноста во студентскиот стандард за 2020 година

96. Предлог-програма за научно-истражувачката дејност за 2020 година

97. Предлог-програма за изградба и реконструкција на основни училишта за 2020 година

98. Предлог-програма за изградба и реконструкција на средни училишта за 2020 година

99. Предлог-програма за одбележување јубилејни годишнини на значајни настани и истакнати личности во 2020 година

100. Кадровски прашања

101. Прашања и предлози

102. Предлог-програма за заштита на ранливи потрошувачи на енергија за 2020 година

103. Предлог-програма за поддршка на домашен туризам за работници со ниски приходи

104. Предлог-програма за финансиска поддршка за производство на електрична енергија од повластени производители кои користат премија за 2020 година

105. Предлог-програма за промоција на обновливи извори на енергија и поттикнување на енергетска ефикасност во домаќинствата за 2020 година

106. Предлог-програма за рефундирање на средства платени како царински давачки, данок на додадена вредност и акциза за набавка на патнички автомобил за лица со тешка и најтешка телесна попреченост, лица со умерена, тешка и длабока интелектуална попреченост, за потполно слепи лица со придружник и за потполно глуви лица за 2020 година

107. Предлог-програма за намалување на аерозагадувањето за 2020 година

108. Годишна програма за реализација на Стратешкиот план на Агенцијата за катастар на недвижности за 2020 година, со Предлог-одлука

109. Предлог-стратешки план за работа на Агенцијата за катастар на недвижности за периодот 2020-2022 година

110. Информација за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Проект за инфраструктура за изградба на линиски објект Јавен локален пат со траса од КП 552/1 до приклучок со постоечки јавен локален пат КП 607/1, КО Сарамзалино, Општина Лозово, со Предлог-одлука

111. Предлог-програма за управување, уредување и одржување на објектите на граничните премини за патен сообраќај за 2020 година

112. Предлог-годишна програма за националната инфраструктура на просторните податоци за 2020 година

113. Предлог-уредба за начинот на пресметка на данокот на моторни возила и на износите потребни за пресметка на данокот на моторни возила

114. Предлог-закон за задолжување на Република Северна Македонија со заем кај Меѓународната банка за обнова и развој - Светска банка по Договорот за заем за финансирање на Проектот за модернизација на земјоделството, по скратена постапка

115. Предлог-уредба за изменување и дополнување на Уредбата за распоредувањето на одредени стоки во комбинираната номенклатура согласно со регулативите на Европската комисија(*)

116. Предлог-годишен план на Дирекцијата за безбедност на класифицирани информации за 2020 година, со Табеларен преглед на Оперативниот план на активности на Дирекцијата за безбедност на класифицирани информации во 2020 година

117. Предлог-програма за финансирање на изградба, реконструкција, одржување на објекти и опремување на казнено - поправните и воспитно - поправните установи за 2020 година

118. Предлог-програма за финансирање на програмските активности на здруженијата и фондациите за 2020 година

119. Предлог-одлука за критериумите и постапката за распределба на средства за финансирање на програмските активности на здруженија и фондации од Буџетот на Република Северна Македонија

120. Предлог-програма за обесштетување на дете кое е жртва или е оштетено со дејствие кое со закон е предвидено како кривично дело на насилство и на други акти на индивидуално или групно насилство, за 2020 година

121. Бизнис план на Јавното претпријатие за железничка инфраструктура Железници на Република Северна Македонија - Скопје за 2020 година, со Предлог-одлука за давање согласност на Инвестиционата програма за период 2020-2022 година и Финансиска програма за 2020 година на Јавното претпријатие за железничка инфраструктура Железници на Република Северна Македонија – Скопје

122. Предлог-годишна програма за финансирање на железничката инфраструктура за 2020 година

123. Предлог-програма за работа, Финансиски план и Инвестициона програма на Централен регистар на Република Северна Македонија за 2020 година, со Предлог-одлука

124. Предлог-програма за изменување на Програмата за заштита на потрошувачите за периодот 2019 - 2020 година

125. Предлог-програма за управување со водите за 2020 година

126. Предлог-програма за колекторски систем Охрид и Струга за 2020 година

127. Програма за изменување на Годишната програма со Финансиски план за 2019 година на Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони, со Предлог-одлука

128. Предлог-програма за изменување на Програмата за изградба, опремување и одржување на објекти за детска заштита за 2019 година

129. Предлог-програма за изменување на Програмата за развој на дејноста за заштитата на децата за 2019 година

130. Програма за изменување и дополнување на Програмата за работа и финансискиот план на Агенција за странски инвестиции и промоција на извозот на Република Северна Македонија за 2019 година

131. Предлог-програма за финансирање на активностите во тутунското производство за 2020 година

132. Годишна програма за финансирање на изработка на урбанистички планови, регулациски планови на генерални урбанистички планови, урбанистичко – планска документација и урбанистичко – проектна документација за 2020 година

133. Предлог-годишна програма за изградба, продажба и одржување на станбениот простор во сопственост на Република Северна Македонија за 2020 година

134. Информација за Финансиски план на Акционерското друштво за стопанисување со деловен простор во државна сопственост – Скопје за 2020 година, со дополнување

*
*     *

Владата без забелешки го усвои Записникот од 165-та седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 12 ноември 2019 година, во Тетово.

*
*     *

По одделните точки од Дневниот ред, Владата ги донесе следниве заклучоци:

**Точка 1**

Владата по Програмата за работа за 2020 година на ЈП за водоснабдување „Студенчица" Кичево, Финансиски план за 2020 година и Инвестициона програма за 2020 година, со Предлог-одлука, го донесе најновиот текст на Одлуката за давање согласност на Инвестиционата програма за 2020 година на ЈП за водоснабдување „Студенчица" Кичево, во предложениот текст.

Истовремено, Владата ги разгледа Програмата за работа за 2020 година на ЈП за водоснабдување „Студенчица" Кичево и Финансискиот план за 2020 година на ЈП за водоснабдување „Студенчица" Кичево, како материјали за информирање.

**Точка 2**

Владата по Годишната инвестициона програма, Финансискиот план и Програмата за работа за 2020 година на ЈП „Стрежево" Битола, со Предлог –одлука, го донесе најновиот текст на Одлуката за давање согласност на Годишната инвестициона програма на Јавното претпријатие „Стрежево" - Битола за 2020 година, во предложениот текст.

Истовремено, Владата ги разгледа Финансискиот план и Програмата за работа за 2020 година на ЈП „Стрежево" Битола, како материјал за информирање.

**Точка 3**

Владата по Инвестиционата програма на ЈП Службен весник на Република Северна Македонија за 2020 година и Програмата за работа за 2020 година на ЈП Службен весник на Република Македонија, со Предлог-одлука, го донесе новиот текст на Одлуката за давање согласност на Годишната инвестициона програма на ЈП Службен весник на Република Северна Македонија за 2020 година, во предложениот текст и ја разгледа Програмата за работа за 2020 година на ЈП Службен весник на Република Северна Македонија, како материјал за информирање.

**Точка 4**

Владата по Годишната инвестициона програма на Јавно претпријатие за извршување на водостопански дејности Хидросистем „Злетовица" - Пробиштип за 2020 година, Финансиски план и Програма за работа за 2020 година на Јавно претпријатие за извршување на водостопански дејности Хидросистем „Злетовица" - Пробиштип:

- Го донесе новиот текст на Одлуката за давање согласност на Годишната инвестициона програма на Јавното претпријатие за извршување на водостопански дејности Хидросистем „Злетовица" – Пробиштип за 2020 година, во предложениот текст;

- Ги разгледа Програмата за работа за 2020 година на ЈП Хидросистем „Злетовица“ - Пробиштип и Финансискиот план за 2020 година на ЈП Хидросистем „Злетовица“ – Пробиштип, како материјал за информирање.

Истовремено, Владата заклучи:

- Министерството за финансии заедно со ЈП ХС „Злетовица“ - Пробиштип да ги интензивираат разговорите со Европската инвестициона банка во однос на кредитното задолжување за реализација на фаза - 2 и фаза - 3 за водоснабдување и енергетика;

- предлагачот да посвети внимание да ги реализира програмите во рамки на Министерството за земјоделство шумарство и водостопанство, т.е. во делот на ЈП „Злетовица“ во однос на пречистителните станици во Карбинци и Штип за кои постапките веќе се започнати.

Исто така, Владата заклучи дека е потребно да се исполнат двата горе наведени услови се со цел ЈП ХС „Злетовица“ - Пробиштип да започне да генерира зголемени приходи, во спротивно ЈП ХС „Злетовица“ - Пробиштип ќе генерира зголемени расходи и нема да биде во состојба да ја санира загубата.

<u>Точка 5</u>

Владата го одложи за наредната седница разгледувањето на Годишната програма и Финансискиот план на Јавното претпријатие за стопанисување со пасишта за 2020 година, поради потребата истите да се усогласат со Министерството за финансии.

<u>Точка 6</u>

Владата го одложи разгледувањето на Годишната инвестициона програма на ЈП за стопанисување со пасишта за 2020 година, со Предлог-одлука, за наредната седница на Владата, поради потребата предлагачот да го усогласи текстот на Годишната инвестициона програма на ЈП за стопанисување со пасишта за 2020 година, со Предлог-одлука со Министерството за финансии.

<u>Точка 7</u>

Владата го одложи разгледувањето на Годишната програма за работа, Финансискиот план за 2020 година и Планот за капитални инвестиции за 2020 година на ЈП Македонска радиодифузија-Скопје, со Предлог-одлука за наредната седница на Владата поради потребата предлагачот да го усогласи текстот на Годишната програма со Министерството за финансии.

<u>Точка 8</u>

Владата по Годишната програма за изградба, реконструкција, рехабилитација, одржување и заштита на државните патишта за 2020 година на Јавното претпријатие за државни патишта, со Предлог-одлука, го донесе најновиот текст на Одлуката за давање согласност на Годишната програма за изградба, реконструкција, рехабилитација, одржување и заштита на државните патишта за 2020 година, во предложениот текст.

<u>Точка 9</u>

Владата ги одложи од разгледување Програмата за работа за 2020 година и Финансискиот план за 2020 година на Јавно претпријатие за берзанско работење Агро - Берза - Скопје, со Предлог-одлука, за наредната седница на Владата поради потребата предлагачот да постапи согласно укажувањата изнесени во Мислењето на Министерството за финансии.

<u>Точка 10</u>

Владата по Годишната инвестициона програма за 2020 година на ЈПВ „Лисиче“ -Велес, Финансискиот план и Програмата за работа за 2020 година на ЈПВ „Лисиче“ –Велес, го донесе најновиот текст на Одлуката за давање на согласност на Годишната инвестициона програма за 2020 година на ЈПВ „Лисиче“-Велес, во предложениот текст.

Истовремено, Владата ги разгледа Програмата за работа за 2020 година на ЈПВ „Лисиче“ - Велес и Финансискиот план за 2020 година на ЈПВ „Лисиче“ – Велес, како материјали за информирање.

**Точка 11**

Владата по Годишната инвестициона програма на Јавно претпријатие за стопанисување со државните шуми „Национални шуми“– п.о. – Скопје за 2020 година го донесе најновиот текст на Одлуката за давање согласност на Годишната инвестициона програма за 2020 година на Јавното претпријатие за стопанисување со државните шуми „Национални шуми“ – п.о. – Скопје, во предложениот текст.

Истовремено, Владата ги задолжи органите на управување на Јавното претпријатие за стопанисување со државните шуми „Национални шуми“ – п.о. – Скопје, Годишната инвестициона програма за 2020 година да ја реализира само доколку се обезбеди соодветниот износ на планирани приходи.

**Точка 12**

Владата го разгледа новиот текст на Програмата за работа на ЈП „Национални шуми“ за 2020 година, како материјал за информирање.

Истовремено, Владата заклучи да се има предвид пониското ниво на реализација на приходите на ЈП „Национални шуми“ и ги задолжи органите на управување на ЈП „Национални шуми“ да ја спроведуваат реализацијата на расходите согласно нивото на остварените приходи, односно реализацијата на трошоците да ги следи зголемувањето на приходи.

**Точка 13**

Владата по најновите текстови на Годишната инвестициона програма на Јавното претпријатие за управување и заштита на повеќенаменското подрачје „Јасен“ - Скопје за 2020 година, Финансискиот план и Програмата за работа и развој за 2020 година на Јавното претпријатие за управување и заштита на повеќенаменското подрачје „Јасен“ – Скопје, со Предлог-одлука, ја донесе Одлуката за давање согласност на Годишната инвестициона програма за 2020 година на Јавното претпријатие за управување и заштита на повеќенаменското подрачје „Јасен“ - Скопје, во предложениот текст.

Истовремено, Владата и разгледа најновите текстови на Програмата за работа за 2020 година на Јавно претпријатие за управување и заштита на повеќенаменското подрачје „Јасен“ - Скопје и Финансискиот план за 2020 година на Јавно претпријатие за управување и заштита на повеќенаменското подрачје „Јасен“ - Скопје, како материјали за информирање.

**Точка 14**

Владата по Програмата за давање на услуги на воздухопловната навигација и Годишниот финансиски план на М-НАВ А.Д. Скопје за 2020 година, со предлог-одлуки (нов текст) и Инвестиционата програма на М-НАВ АД Скопје за 2020 година, ги донесе следните заклучоци:

1. Ја донесе Одлуката за одобрување на Програмата за давање на услуги на воздухопловната навигација за 2020 година на Акционерското друштво во државна сопственост за вршење на дејноста давање услуги во воздухопловната навигација М-НАВ АД Скопје, во предложениот текст.

2. Ја донесе Одлуката за одобрување на Годишниот финансиски план за 2020 година на Акционерското друштво во државна сопственост за вршење на дејноста давање услуги во воздухопловната навигација М-НАВ АД Скопје, во предложениот текст.

3. Ја разгледа Инвестиционата програма на М-НАВ А.Д. Скопје за 2020 година, како материјал за информирање.

**Точка 15**

Владата по новиот текст на Бизнис планот за 2020 година, Инвестиционата програма за 2020, 2021 и 2022 година, Финансиската програма за 2020 и Тригодишниот план за период од 2020-2022 година на Железници на Република Северна Македонија Транспорт АД – Скопје, со предлог-одлуки, ги донесе новите текстови на :

- Одлуката за давање согласност на инвестиционите програми на Железници на Република Северна Македонија Транспорт АД – Скопје за период од 2020 година до 2022 година, во предложениот текст и

- Одлуката за давање согласност на Финансиската програма на Железници на Република Северна Македонија Транспорт АД – Скопје за 2020 година, во предложениот текст.

Истовремено, Владата ги задолжи органите на управување на Железници на Република Северна Македонија Транспорт АД – Скопје да внимаваат на балансот на приходите и расходите во текот на 2020 година, односно растот на трошоците во 2020 година да биде во склад со зголемувањето на приходите во 2020 година.

**Точка 16**

Владата го разгледа Финансискиот план на Акционерското друштво Водостопанство на Република Северна Македонија, во државна сопственост, Скопје за 2020 година, како материјал за информирање.

Истовремено, Владата го задолжи Акционерското друштво Водостопанство на Република Северна Македонија да го има предвид мислењето на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, како и органите на управување на Акционерското друштво Водостопанство на Република Северна Македонија, висината на расходите да ги нивелира со остварувањето на приходите во текот на 2020 година.

**Точка 17**

Владата ја разгледа Годишната програма за работа на Акционерското друштво Водостопанство на Република Северна Македонија, во државна сопственост, Скопје за 2020 година, како материјал за информирање, со заклучок предлагачот да ги има предвид укажувањата изнесени во мислењето на Министерството за финансии.

Истовремено, Владата го задолжи предлагачот да го има предвид мислењето на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, како и органите на управување на Акционерското друштво Водостопанство на Република Северна Македонија висината на расходите да ги нивелира со остварувањето на приходите во текот на 2020 година.

**Точка 18**

Владата ја разгледа Информацијата за Финансиски план (Програма за работа) на Друштвото за изградба, управување и издавање на повеќенаменска сала Борис Трајковски ДООЕЛ Скопје за 2020 година со Финансиски план (Програма за работа) на Друштвото за изградба, управување и издавање на повеќенаменска сала Борис Трајковски ДООЕЛ СКОПЈЕ за 2020 година и Инвестициона програма за 2020 година, како материјал за информирање.

Истовремено, Владата заклучи реализацијата од Инвестиционата програма за 2020 година, во делот на одржување на објектите да се обезбедува од средствата од амортизација, со што укажа тоа да не биде пракса во наредните години.

**Точка 19**

Владата по Годишната програма за работа на Националниот центар за одговор на компјутерски инциденти за 2020 година го донесе најновиот текст на Одлуката за

усвојување на Годишната програма за работа на Националниот центар за одговор на компјутерски инциденти за 2020 година, во предложениот текст.

**Точка 20**

Владата по новиот текст на Годишната програма за работење на Агенцијата за планирање на просторот во 2020 година, со Предлог-одлука, ја донесе Одлуката за давање согласност на Годишната програма за работење на Агенцијата за планирање на просторот во 2020 година, во предложениот текст.

**Точка 21**

Владата по новиот текст на Годишниот финансиски план на Агенцијата за планирање на просторот во 2020 година, со Предлог-одлука го донесе новиот текст на Одлуката за давање согласност на Годишниот финансиски план на Агенцијата за планирање на просторот во 2020 година, во предложениот текст.

**Точка 22**

Владата по Предлог-програмата за промоција и поддршка на туризмот за 2020 година и Програмата за работа на Агенцијата за промоција и поддршка на туризмот за 2020 година со Финансиски план за 2020 година, го донесе новиот текст на Програмата за промоција и поддршка на туризмот за 2020 година, во предложениот текст.

Истовремено, Владата ја разгледа Програмата за работа на Агенцијата за промоција и поддршка на туризмот за 2020 година со Финансиски план за 2020 година, како материјал за информирање.

**Точка 23**

Владата по новиот текст на Програмата за работа и Финансискиот план на Агенцијата за странски инвестиции и промоција на извозот на Република Северна Македонија за 2020 година, со Предлог-одлука, ја донесе Одлуката за давање согласност на Програмата за работа и Финансискиот план на Агенцијата за странски инвестиции и промоција на извозот на Република Северна Македонија за 2020 година, со заклучок завршната одредба на Одлуката да се измени и да гласи: „Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија", а ќе отпочне да се применува од 1 јануари 2020 година.

**Точка 24**

Владата по Програмата за работа на Агенција за енергетика на Република Северна Македонија за 2020 година, со предлог-одлуки ги донесе:

- Одлуката за давање согласност на Програмата за работа на Агенцијата за енергетика на Република Северна Македонија за 2020 година, во предложениот текст и

- Одлуката за давање согласност на Годишниот финансиски план за реализација на Програмата за работа на Агенцијата за Енергетика на Република Северна Македонија за 2020 година, во предложениот текст.

**Точка 25**

Владата го разгледа Годишниот план за работа на Агенција за храна и ветеринарство за 2020 година, со Предлог-одлука и го донесе новиот текст на Одлуката за одобрување на Годишниот план за работа на Агенција за храна и ветеринарство за 2020 година, во предложениот текст.

**Точка 26**

Владата го донесе најновиот текст на Програмата за користење на средствата за ветеринарно јавно здравство во 2020 година, во предложениот текст.

**Точка 27**

Владата го донесе новиот текст на Програмата за мониторинг на безбедноста на храната во Република Северна Македонија за 2020 година, во предложениот текст.

**Точка 28**

Владата ја донесе Програмата за користење на средства за здравствена заштита на животните во 2020 година (најнов текст), во предложениот текст.

**Точка 29**

Владата ја одложи од разгледување Предлог-одлуката за изменување на Одлуката за висината на надоместоци за спроведување на активности од јавен интерес од областа на здравствена заштита на животните, за наредната седница на Владата поради потребата предлагачот да постапи согласно укажувањата изнесени во Мислењето на Министерството за финансии.

**Точка 30**

Владата го разгледа најновиот текст на Предлог-програмата за изградба и реконструкција на спортски објекти за 2020 година и ја донесе Програмата со заклучок текстот на истата да се усогласи со Секретаријатот за законодавство.

Исто така, предлагачот да предвиди средства во Програмата за изградба на фудбалско игралиште во с. Форино и с. Чегране.

**Точка 31**

Владата ја донесе Програмата за распределба на средства од игри на среќа и забавните игри за 2020 година за финансирање на националните спортски федерации и проекти на Агенцијата за млади и спорт за унапредување на спортот во Република Северна Македонија, со заклучок предлагачот да го усогласи текстот на истата со Секретаријатот за законодавство.

**Точка 32**

Владата го донесе најновиот текст на Програмата за развој на спорт и млади за 2020 година, во предложениот текст.

**Точка 33**

Владата по Годишниот план за работа за 2020 година и Финансискиот план за 2020 година на Агенцијата за поттикнување на развојот на земјоделството, со Предлог-одлука, го донесе новиот текст на Одлуката за потврдување на Финансискиот план за 2020 година на Агенцијата за поттикнување на развојот на земјоделството, во предложениот текст.

Истовремено, Владата ја разгледа Годишната програма за работа за 2020 година на Агенцијата за поттикнување на развојот на земјоделството, како материјал за информирање.

**Точка 34**

Владата ја донесе Програмата за основни геолошки истражувања за 2020 година (нов текст), во предложениот текст.

**Точка 35**

Владата по Годишната програма за работа на Советот за унапредување и надзор на ревизијата на Република Северна Македонија за 2020 година, со Предлог-одлука го донесе новиот текст на Одлуката за давање на согласност на Годишна програма за работата на

Советот за унапредување и надзор на ревизијата на Република Северна Македонија за 2020 година, во предложениот текст.

**Точка 36**

Владата по Финансискиот план на Советот за унапредување и надзор на ревизијата на Република Северна Македонија за 2020 година, со Предлог-одлука, го донесе новиот текст на Одлуката за давање на согласност на Финансискиот план на Советот за унапредување и надзор на ревизијата на Република Северна Македонија за 2020 година, во предложениот текст.

**Точка 37**

Владата ги разгледа Годишната програма за работа на Управата за финансиско разузнавање за 2020 година и Финансискиот план на Управата за финансиско разузнавање за 2020 година, како материјал за информирање.

**Точка 38**

Владата го разгледа новиот текст на Годишната програма со Финансиски план на Дирекцијата за задолжителни резерви на нафта и нафтени деривати за 2020 година, како материјал за информирање.

Истовремено, Владата ја задолжи Дирекцијата за задолжителни резерви на нафта и нафтени деривати да ја преработи ставката 42 – стоки и услуги, односно истата да се врати на нивото на одобрените средства од Буџетот.

**Точка 39**

Владата по Годишната програма и финансиски план за 2020 година за Дирекција за технолошки индустриски развојни зони, го донесе новиот текст на Одлуката за давање на согласност на Годишната програма со финансиски план за 2020 година на Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони, во предложениот текст.

**Точка 40**

Владата го донесе новиот текст на Програмата за работа на Институтот за акредитација на Република Северна Македонија за 2020 година, со заклучок завршната одредба на Програмата да се измени и да гласи: „Оваа програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија", а ќе отпочне да се применува од 1 јануари 2020 година.

**Точка 41**

Владата по Финансискиот план на Фондот за осигурување на депозити за 2020 година, со Предлог-одлука (нов текст) и Програма за работа на Фондот за осигурување на депозити за 2020 година, ја донесе Одлуката за потврдување на Финансискиот план на Фондот за осигурување на депозити за 2020 година, во предложениот текст и ја разгледа Програмата за работа на Фондот за осигурување на депозити за 2020 година, како материјал за информирање.

**Точка 42**

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата во врска со Финансиски план на Акционерското друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката - Скопје од 1.1.2020 година до 31.12.2020 година донесен од Одборот на директори на Акционерското друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката-Скопје бр. 02-12455/4-2 од 11.12.2019 година, како материјал за информирање.

Истовремено, Владата го задолжи Акционерското друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката - Скопје да извршат соодветни промени, во насока предвидените средства за изградба на објекти со станови за

продажба, проекти 6, 7, 8 и 9 од Инвестиционата програма да се пренаменат за други проекти поради тоа што урбанистичките планови за овие парцели сеуште не се донесени (8 и 9 се укинати од Уставниот суд).

Согласно ова, Министерството за транспорт и врски соодветно да ја измени и Предлог-годишна програма за изградба, продажба и одржување на станбениот простор во сопственост на Република Северна Македонија за 2020 година.

**Точка 43**

Владата ја одложи од разгледување Предлог-програмата за поддршка на претприемништвото, конкурентноста и иновативноста на малите и средните претпријатија во 2020 година, за наредната седница на Владата поради потребата предлагачот да постапи согласно укажувањата изнесени во Мислењето на Министерството за финансии.

**Точка 44**

Владата го разгледа новиот текст на Предлогот за поведување на постапка за водење на преговори за склучување на Договор помеѓу Советот на министри на Република Албанија и Владата на Република Северна Македонија за воспоставување на заеднички гранични премини меѓу Република Албанија и Република Северна Македонија и вршење на заедничка гранична контрола, со Нацрт-текст на Договор и го усвои со следните заклучоци:

1. Го прифати Нацрт-текстот на Договорот помеѓу Советот на министри на Република Албанија и Владата на Република Северна Македонија за воспоставување на заеднички гранични премини меѓу Република Албанија и Република Северна Македонија и вршење на заедничка гранична контрола, како основа за водење на преговори.

2. Се задолжуваат шефот и членовите на Делегацијата на Република Северна Македонија при водењето на преговорите да се придржуваат кон ставовите наведени во Предлогот за поведување на постапка за водење на преговори за склучување на Договорот помеѓу Советот на министри на Република Албанија и Владата на Република Северна Македонија за воспоставување на заеднички гранични премини меѓу Република Албанија и Република Северна Македонија и вршење на заедничка гранична контрола.

3. Се овластува шефот на Делегацијата на Република Северна Македонија да го парафира текстот на Договорот согласно утврдените насоки, доколку се постигне согласност на преговорите.

4. Се задолжува Делегацијата на Република Северна Македонија по завршените преговори, во рок од 30 дена, до Владата да поднесе писмен извештај за завршените преговори со усогласениот, односно парафиран текст на Договорот.

**Точка 45**

Владата ја разгледа Информацијата за Годишна програма за работа и Годишен финансиски план за 2020 година на Фондот за иновации и технолошки развој, со Предлог-одлуки и ја усвои со следните заклучоци:

1. Ја донесе Одлуката за давање согласност на Годишниот финансиски план на Фондот за иновации и технолошки развој за 2020 година (најнов текст), во предложениот текст.

2. Ја донесе Одлуката за давање согласност на Годишната програма за работа на Фондот за иновации и технолошки развој за 2020 година (најнов текст), во предложениот текст.

**Точка 46**

Владата ја разгледа Информацијата со Енергетски биланс на Република Северна Македонија за 2020 година, со Предлог-одлука (нов текст), ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за донесување на Енергетскиот биланс на Република Северна Македонија за 2020 година, во предложениот текст.

**Точка 47**

Владата го донесе новиот текст на Програмата за конкурентност, иновации и претприемништво за 2020 година, во предложениот текст.

**Точка 48**

Владата ја одложи од разгледување Предлог-програмата за развој на туризмот на Република Северна Македонија за 2020 година, за наредната седница на Владата поради потребата предлагачот да го усогласи текстот на Предлог-програмата со Министерството за финансии и Секретаријатот за законодавство.

**Точка 49**

Владата ја донесе Програмата за субвенционирање на дел од трошоците за вградување на уред за погон на ТНГ, метан или друг вид на алтернативно гориво во возилата, со заклучок текстот на Одлуката да се усогласи со Секретаријатот за законодавство.

**Точка 50**

Владата го донесе најновиот текст на Уредбата за поблиските критериуми за директни плаќања, корисниците на средствата, максималните износи и начинот на директните плаќања за 2020 година, во предложениот текст.

**Точка 51**

Владата го донесе најновиот текст на Програмата за развој и унапредување на ловството и за одгледување и заштита на дивечот под заштита во репроцентрите за 2020 година, во предложениот текст.

**Точка 52**

Владата го донесе најновиот текст на Програмата за работи од областа на хидрометеоролошката дејност во 2020 година, во предложениот текст.

**Точка 53**

Владата го донесе новиот текст на Програмата за спроведување на мониторинг во областа на производството, преработката, складирањето, дистрибуцијата, употребата и сообразноста на ѓубрињата, биостимулаторите и подобрувачите на својствата на почвата, како и контрола на квалитетот на ѓубрињата, биостимулаторите и подобрувачите на својствата на почвата за 2020 година, во предложениот текст.

**Точка 54**

Владата го донесе најновиот текст на Програмата за спроведување на мониторинг во областа на производството, преработката, складирањето, дистрибуцијата, употребата и сообразноста на производите за заштита на растенијата и резидуи од производи за заштита на растенијата во производи од примарно земјоделско производство за 2020 година, во предложениот текст.

**Точка 55**

Владата го донесе најновиот текст на Програмата за фитосанитарна политика во 2020 година, во предложениот текст.

**Точка 56**

Владата ја донесе Програмата за финансиска поддршка во рибарството и аквакултурата за 2020 година (најнов текст), во предложениот текст.

**Точка 57**

Владата го донесе најновиот текст на Програмата за финансиска поддршка во земјоделството за 2020 година, во предложениот текст.

**Точка 58**

Владата го донесе најновиот текст на Програмата за финансиска поддршка на руралниот развој за 2020 година, во предложениот текст.

**Точка 59**

Владата го донесе најновиот текст на Програмата за проширена репродукција на шумите за 2020 година, во предложениот текст.

**Точка 60**

Владата го донесе најновиот текст на Програмата за семе и саден материјал во 2020 година, во предложениот текст.

**Точка 61**

Владата го донесе новиот текст на Програмата за инвестиции во животна средина за 2020 година, во предложениот текст.

**Точка 62**

Владата ја донесе Програмата за инвестирање во животната средина за 2020 година со следните заклучоци:

1. Текстот на материјалот да се коригира во насока наместо зборовите „Република Македонија", да стојат зборовите „Република Северна Македонија".

2. Завршната одредба во текстот на Програмата да се измени и да гласи „Оваа програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија", а ќе почне да се применува од 1 јануари 2020 година".

**Точка 63**

Владата го донесе новиот текст на Годишната програма за финансирање на изработка на просторен план на Република Северна Македонија за 2020 година, во предложениот текст.

**Точка 64**

Владата ја донесе Програмата за унапредување на животната средина за 2020 година (нов текст), во предложениот текст.

**Точка 65**

Владата го одложи разгледувањето на Предлог-програмата за заштита на природата за 2020 година, за наредната седница на Владата, поради потребата предлагачот текстот на материјалот да го доработи согласно укажувањата на Секретаријатот за законодавство.

**Точка 66**

Владата ја одложи од разгледување Предлог-програмата за рамномерен регионален развој за 2020 година, за наредната седница на Владата поради потребата предлагачот да постапи согласно укажувањата изнесени во Мислењето на Министерството за финансии.

**Точка 67**

Владата ја донесе Програмата за финансирање на проекти од областа на дијаспората за 2020 година (најнов текст), во предложениот текст.

**Точка 68**

Владата ја донесе Програмата за задолжително здравствено осигурување на државјаните на Република Северна Македонија кои не се задолжително здравствено осигурени за 2020 година (нов текст), во предложениот текст.

**Точка 69**

Владата ја донесе Програмата за партиципација при користењето на здравствена заштита на одделни заболувања на граѓаните и здравствена заштита на родилките и доенчињата во Република Северна Македонија за 2020 година (најнов текст), во предложениот текст.

**Точка 70**

Владата ја донесе Програмата за здравствена заштита на лица со болести на зависности во Република Северна Македонија за 2020 година (нов текст), во предложениот текст.

**Точка 71**

Владата ја донесе Програмата за лекување на ретки болести во Република Северна Македонија за 2020 година (нов текст), во предложениот текст.

**Точка 72**

Владата ја донесе Програмата за обезбедување на трошоците за болни кои се третираат со дијализа и активности за пациентите со хемофилија во Република Северна Македонија за 2020 година (најнов текст), во предложениот текст.

**Точка 73**

Владата ја донесе Програмата за организирање и унапредување на крводарителството во Република Северна Македонија за 2020 година (најнов текст), во предложениот текст.

**Точка 74**

Владата ја донесе Програмата за здравствена заштита на лица со душевни растројства во Република Северна Македонија за 2020 година (најнов текст), во предложениот текст.

**Точка 75**

Владата ја донесе Програмата за заштита на населението од ХИВ инфекција во Република Северна Македонија за 2020 година (најнов текст), во предложениот текст.

**Точка 76**

Владата ја донесе Програмата за превенција на кардиоваскуларни болести (КВБ) во Република Северна Македонија за 2020 година (нов текст), во предложениот текст.

**Точка 77**

Владата ја донесе Програмата за едукација на лекари и медицински персонал, за кофинансирање на специјализација, односно супспецијализација на здравствените работници и здравствените соработници вработени во приватни здравствени установи,

други правни лица и невработени, како и за спроведување на обуки за вршење на преглед за умрени лица за 2020 година (најнов текст), во предложениот текст.

**Точка 78**

Владата ја донесе Програмата за обезбедување средства за болничко лекување без наплата на учество (партиципација) за пензионери и за обезбедување на средства за специјалистичко-консултативни и болнички здравствени услуги за корисниците на правото на социјална парична помош како и на членовите на нивните домаќинства во Република Северна Македонија за 2020 година (најнов текст), во предложениот текст.

**Точка 79**

Владата ја разгледа Предлог-програмата за обезбедување инсулин, глукагон, инсулински игли, ленти за мерење шеќер и едукација за третман и контрола на дијабетесот за 2020 година и го донесе најновиот текст на Програмата за обезбедување инсулин, глукагон, инсулински игли, ленти за мерење шеќер и едукација за третман и контрола на дијабетесот за 2020 година усогласен со Секретаријатот за законодавство.

**Точка 80**

Владата ја донесе Програмата за активна здравствена заштита на мајките и децата во Република Северна Македонија за 2020 година (нов текст), во предложениот текст.

**Точка 81**

Владата ја разгледа Предлог-програмата за испитување на појавата, спречување и сузбивање на бруцелозата кај населението во Република Северна Македонија за 2020 година и го донесе најновиот текст на Програмата за испитување на појавата, спречување и сузбивање на бруцелозата кај населението во Република Северна Македонија за 2020 година усогласен со Секретаријатот за законодавство.

**Точка 82**

Владата ја донесе Програмата за превентивни мерки за спречување на туберкулозата кај населението во Република Северна Македонија за 2020 година (најнов текст), во предложениот текст.

**Точка 83**

Владата ја одложи од разгледување Предлог-програмата „Здравје за сите" за 2020 година за наредната седница на Владата поради потребата предлагачот да го усогласи текстот на истата со Министерството за финансии.

**Точка 84**

Владата го донесе новиот текст на Програмата за систематски прегледи на учениците и студентите во Република Северна Македонија за 2020 година, во предложениот текст.

**Точка 85**

Владата го одложи за наредната седница разгледувањето на најновиот текст на Програмата за рана детекција на малигни заболувања во Република Северна Македонија за 2020 година, поради потребата истата да се усогласи со Министерството за финансии.

**Точка 86**

Владата го донесе новиот текст на Програмата за задолжителна имунизација на населението во Република Северна Македонија за 2020 година, во предложениот текст.

**Точка 87**

Владата го одложи разгледувањето на Предлог-програмата за трансплантација во Република Северна Македонија за 2020 година, за наредната седница поради потребата предлагачот текстот на Предлог-програмата за трансплантација во Република Северна Македонија за 2020 година редакциски да го усогласи со Секретаријатот за законодавство.

<u>Точка 88</u>

Владата ја одложи од разгледување Предлог-националната годишна програма за јавно здравје во Република Северна Македонија за 2020 година, за наредната седница на Владата поради потребата предлагачот да постапи согласно укажувањата изнесени во Мислењето на Секретаријатот за законодавство.

<u>Точка 89</u>

Владата го донесе новиот текст на Програмата за развој на дејноста за заштитата на децата за 2020 година, во предложениот текст.

<u>Точка 90</u>

Владата го донесе најновиот текст на Програмата за изградба, опремување и одржување на објекти за детска заштита за 2020 година, во предложениот текст.

<u>Точка 91</u>

Владата го донесе најновиот текст на Програмата за изградба, опремување и одржување на објекти за социјална заштита и домови за стари лица за 2020 година, во предложениот текст.

<u>Точка 92</u>

Владата условно ја донесе Програмата за остварување на социјалната заштита за 2020 година, со заклучок предлагачот да постапи согласно укажувањата изнесени во Мислењето на Министерството за финансии.

<u>Точка 93</u>

Владата по новиот текст на Програмата за финансирање на програмските активности на националните инвалидски организации, нивните здруженија и нивната асоцијација, на здруженија за борба против семејното насилство и на Црвениот крст на Република Северна Македонија од приходите од игри на среќа и од забавни игри во 2020 година, со Предлог-одлука ја донесе Одлуката за распоредување на приходите од игри на среќа и од забавните игри во 2020 година за финансирање на програмските активности на националните инвалидски организации, нивните здруженија и нивната асоцијација, на здруженија за борба против семејно насилство и Црвениот крст на Република Северна Македонија.

<u>Точка 94</u>

Владата го донесе најновиот текст на Програмата за остварување и развој на дејноста во ученички стандард за 2020 година.

<u>Точка 95</u>

Владата го донесе новиот текст на Програмата за остварување и развој на дејноста во студентскиот стандард за 2020 година.

<u>Точка 96</u>

Владата го донесе новиот текст на Програмата за научно-истражувачката дејност за 2020 година.

<u>Точка 97</u>

Владата го разгледа најновиот текст на Предлог-програмата за изградба и реконструкција на основни училишта за 2020 година и ја донесе Програмата, со заклучок во истата да се предвиди и дополни реконструкција на кров на Основно училиште „Гоце Делчев“ Виница .

**Точка 98**

Владата го донесе најновиот текст на Програмата за изградба и реконструкција на средни училишта за 2020 година.

**Точка 99**

Владата ја разгледа Предлог-програмата за одбележување јубилејни годишнини на значајни настани и истакнати личности во 2020 година и нема забелешки по истата.

**Точка 100**

По оваа точка немаше предлози.

**Точка 101**

Владата заклучи на 30 декември 2019 година (понеделник) во 9:00 часот во просториите на Секретаријатот за законодавство, Министерството за економија (Предлог-програма за развој на туризмот на Република Северна Македонија за 2020 година, Предлог-програма за субвенционирање на дел од трошоците за купување и вградување на уред за погон на ТНГ, метан или друг вид на алтернативно гориво во возилата, Предлог-програма за заштита на ранливи потрошувачи на енергија за 2020 година и Предлог-програма за промоција на обновливи извори на енергија и поттикнување на енергетска ефикасност во домаќинствата за 2020 година) Министерството за животна средина и просторно планирање (Предлог-програма за заштита на природата за 2020 година), Министерството за здравство (Предлог-програма за трансплантација во Република Северна Македонија за 2020 година и Предлог-национална годишна програма за јавно здравје во Република Северна Македонија за 2020 година) и Министерството за транспорт и врски (Предлог-годишна програма за финансирање на изработка на урбанистички планови, регулациски планови на генерални урбанистички планови, урбанистичко – планска документација и урбанистичко – проектна документација во Република Северна Македонија за 2020 година и Предлог-годишна програма за изградба, продажба и одржување на станбениот простор во сопственост на Република Северна Македонија за 2020 година) да извршат усогласување на материјалите со Секретаријатот за законодавство.

**Точка 102**

Владата ја одложи од разгледување Предлог-програмата за заштита на ранливи потрошувачи на енергија за 2020 година, за наредната седница на Владата поради потребата предлагачот да постапи согласно укажувањата изнесени во мислењата на Министерството за труд и социјална политика и Секретаријатот за законодавство, како и во прилог на материјалот да достави мислење од Регулаторната комисија за енергетика.

**Точка 103**

Владата го донесе новиот текст на Програмата за поддршка на домашен туризам за работници со ниски приходи, во предложениот текст.

**Точка 104**

Владата ја донесе Програмата за финансиска поддршка за производство на електрична енергија од повластени производители кои користат премија за 2020 година, со заклучок член 10 од Програмата да се дополни со зборовите „а ќе отпочне да се применува од 1 јануари 2020 година.

**Точка 105**

Владата ја разгледа Предлог-програмата за промоција на обновливи извори на енергија и поттикнување на енергетска ефикасност во домаќинствата за 2020 година и ја донесе Програмата со заклучок предлагачот текстот на истата да го усогласи со Секретаријатот за законодавство.

**Точка 106**

Владата го донесе најновиот текст на Програмата за рефундирање на средства платени како царински давачки, данок на додадена вредност и акциза за набавка на патнички автомобил за лица со тешка и најтешка телесна попреченост, лица со умерена, тешка и длабока интелектуална попреченост, за потполно слепи лица со придружник и за потполно глуви лица за 2020 година, во предложениот текст.

**Точка 107**

Владата го донесе најновиот текст на Програмата за намалување на аерозагадувањето за 2020 година, во предложениот текст.

**Точка 108**

Владата по новиот текст на Годишната програма за реализација на Стратешкиот план на Агенцијата за катастар на недвижности за 2020 година, со Предлог-одлука го донесе најновиот текст на Одлуката за давање согласност на Годишната програма за реализација на Стратешкиот план на Агенцијата за катастар на недвижности за 2020 година, во предложениот текст.

Истовремено, Владата заклучи при следното буџетирање да не се кратат финансиските средства за Годишната програма, имајќи предвид дека е важно за Република Северна Македонија да нема застој на стратешките процеси на Агенцијата за катастар на недвижности, односно истите да се спроведат.

**Точка 109**

Владата го донесе најновиот текст на Стратешкиот план за работа на Агенцијата за катастар на недвижности за периодот 2020 – 2022 година, во предложениот текст.

**Точка 110**

Владата го разгледа и усвои новиот текст на Информацијата за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Проект за инфраструктура за изградба на линиски објект Јавен локален пат со траса од КП 552/1 до приклучок со постоечки јавен локален пат КП 607/1, КО Сарамзалино, Општина Лозово, со Предлог-одлука и го донесе новиот текст на Одлуката за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Проект за инфраструктура за изградба на линиски објект јавен локален пат со траса од КП 552/1 до приклучок со постоечки јавен локален пат КП 607/1, КО Сарамзалино, Општина Лозово, во предложениот текст.

**Точка 111**

Владата го донесе новиот текст на Програмата за управување, уредување и одржување на објектите на граничните премини за патен сообраќај за 2020 година, со заклучок Глава X (Завршни одредби) од Програмата да се дополни со зборовите „а ќе отпочне да се применува од 1 јануари 2020 година“.

**Точка 112**

Владата ја донесе Годишната програма за националната инфраструктура на просторните податоци за 2020 година, со заклучок Глава IV од Годишната програма да се дополни со зборовите „а ќе отпочне да се применува од 1 јануари 2020 година“.

**Точка 113**

Владата го донесе новиот текст на Уредбата за начинот на пресметка на данокот на моторни возила и на износите потребни за пресметка на данокот на моторни возила, во предложениот текст.

**Точка 114**

Владата го разгледа Предлог-законот за задолжување на Република Северна Македонија со заем кај Меѓународната банка за обнова и развој - Светска банка по Договорот за заем за финансирање на Проектот за модернизација на земјоделството, по скратена постапка, го утврди и заклучи да се достави до Собранието, согласно член 170 од Деловникот на Собранието на Република Македонија.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени д-р Нина Ангеловска, министер за финансии, Трајан Димковски, министер за земјоделство, шумарство и водостопанство и д-р Ширет Елези, заменик на министерот за финансии, а за повереници Јулијана Петановска, државен секретар во Министерството за финансии, Сузана Пенева, државен советник во Министерството за финансии и Дејан Николовски раководител на сектор во Министерството за финансии.

**Точка 115**

Владата го донесе новиот текст на Уредбата за изменување и дополнување на Уредбата за распоредувањето на одредени стоки во комбинираната номенклатура согласно со регулативите на Европската комисија(*), во предложениот текст.

**Точка 116**

Владата го разгледа и го усвои Годишниот план на Дирекцијата за безбедност на класифицирани информации за 2020 година, со Табеларен преглед на Оперативниот план на активности на Дирекцијата за безбедност на класифицирани информации во 2020 година.

**Точка 117**

Владата ја донесе Програмата за финансирање на изградба, реконструкција, одржување на објекти и опремување на казнено - поправните и воспитно - поправните установи за 2020 година, во предложениот текст.

**Точка 118**

Владата го донесе новиот текст на Програмата за финансирање на програмските активности на здруженијата и фондациите за 2020 година, во предложениот текст.

**Точка 119**

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за критериумите и постапката за распределба на средства за финансирање на програмските активности на здруженија и фондации од Буџетот на Република Северна Македонија, во предложениот текст.

**Точка 120**

Владата ја разгледа Програмата за обесштетување на дете кое е жртва или е оштетено со дејствие кое со закон е предвидено како кривично дело на насилство и на други акти на индивидуално или групно насилство, за 2020 година, како материјал за информирање.

**Точка 121**

Владата по Бизнис планот на Јавното претпријатие за железничка инфраструктура Железници на Република Северна Македонија - Скопје за 2020 година го донесе најновиот

текст на Одлуката за давање согласност на Инвестиционата програма за период 2020-2022 година и Финансиската програма за 2020 година на Јавното претпријатие за железничка инфраструктура Железници на Република Северна Македонија – Скопје, во предложениот текст.

**Точка 122**

Владата ја донесе Годишната програма за финансирање на железничката инфраструктура за 2020 година, со заклучок предлагачот да го усогласи текстот на истата, согласно Мислењето на Министерството за финансии.

**Точка 123**

Владата го одложи разгледувањето на Програмата за работа, Финансискиот план и Инвестициона програма на Централен регистар на Република Северна Македонија за 2020 година, со Предлог одлука поради потребата предлагачот да се усогласи со Министерството за финансии.

**Точка 124**

Владата го донесе новиот текст на Програмата за изменување на Програмата за заштита на потрошувачите за периодот 2019 - 2020 година, во предложениот текст.

**Точка 125**

Владата го разгледа најновиот текст на Предлог-програмата за управување со водите за 2020 година и ја донесе Програмата.

Истовремено, Владата заклучи Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство и Министерството за здравство да достават мислења по Програмата.

**Точка 126**

Владата ја донесе Програмата за колекторски систем Охрид и Струга за 2020 година (најнов текст), во предложениот текст.

**Точка 127**

Владата по Програмата за изменување на Годишната програма со финансиски план за 2019 година, со Предлог-одлука, го донесе најновиот текст на Одлуката за давање согласност на Програмата за изменување на Годишната програмата со финансиски план за 2019 година на Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони, во предложениот текст.

**Точка 128**

Владата го донесе новиот текст на Програмата за изменување на Програмата за изградба, опремување и одржување на објекти за детска заштита за 2019 година, во предложениот текст.

**Точка 129**

Владата условно ја донесе Програмата за изменување на Програмата за развој на дејноста за заштитата на децата за 2019 година, со заклучок предлагачот да го усогласи текстот на истата согласно укажувањата изнесени во Мислењето на Министерството за финансии.

**Точка 130**

Владата по Програмата за изменување и дополнување на Програмата за работа и финансискиот план на Агенција за странски инвестиции и промоција на извозот на Република Северна Македонија за 2019 година, го донесе новиот текст на Одлуката за давање на согласност на Програмата за изменување и дополнување на Програмата за работа и финансискиот план на Агенцијата за странски инвестиции и промоција на извозот на Република Северна Македонија за 2019 година, во предложениот текст.

**Точка 131**

Владата го донесе најновиот текст на Програмата за финансирање на активностите во тутунското производство за 2020 година, во предложениот текст.

**Точка 132**

Владата го одложи разгледувањето на Годишната програма за финансирање на изработка на урбанистички планови, регулациски планови на генерални урбанистички планови, урбанистичко – планска документација и урбанистичко – проектна документација за 2020 година, за наредната седница на Владата, поради потребата предлагачот да го усогласи текстот на Годишната програма со Секретаријатот за законодавство.

**Точка 133**

Владата го одложи разгледувањето на Предлог-годишната програма за изградба, продажба и одржување на станбениот простор во сопственост на Република Северна Македонија за 2020 година, за наредната седница на Владата, поради потребата предлагачот да го усогласи текстот на Годишната програма со Секретаријатот за законодавство.

Истовремено, Министерството за транспорт и врски да ја измени Предлог-годишната програма за изградба, продажба и одржување на станбениот простор во сопственост на Република Северна Македонија за 2020 година соодветно на изменувањето на Инвестиционата програма на Акционерското друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката – Скопје (во насока предвидените средства за изградба на објекти со станови за продажба, проекти 6, 7, 8 и 9 од Инвестиционата програма да се пренаменат за други проекти поради тоа што урбанистичките планови за овие парцели сеуште не се донесени (8 и 9 се укинати од Уставниот суд).

**Точка 134**

Владата ја разгледа Информацијата за Финансиски план на Акционерското друштво за стопанисување со деловен простор во државна сопственост – Скопје за 2020 година, со дополнувањето, како материјал за информирање.

*
*         *

На седницата се водени стенографски белешки.

Седницата заврши во 11:20 часот.

| | |
|---|---|
| **ГЕНЕРАЛЕН СЕКРЕТАР НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА** | **ПРЕТСЕДАТЕЛ НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА** |
| **д-р Драги Рашковски** | **Зоран Заев** |